Врз основа на член 24 од Статутот на Сојузот на математичари на Македонија (СММ), Управниот одбор на СММ на седницата одржана на ден 28.II-2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ПО МАТЕМАТИКА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Сојузот на математичари на Македонија (во натамошниот текст СММ), организира натпревари по математика за учениците од основното образование во Република Северна Македонија.

### Член 2

Натпреварите имаат за цел:

- да иницираат поголем интерес за математиката кај учениците;
- вреднување и рангирање на нивото на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците од предметот Математика;
- рангирање на учениците пријавени на натпревар според постигнатите знаења;
- да ги поттикнуваат учениците кон проширување и продлабочување на математичките знаења;
- да го развиваат натпреварувачкиот дух;
- да ги откриваат талентираните и надарените ученици за математика заради насочување на истите кон продлабочени математички содржини;
- да се во функција на избирање и подготовка на ученици - учесници на меѓународните натпревари;
- да ја поттикнуваат соработката меѓу учениците и менторите, како и меѓусебната размена на информации на сите нивоа.

### Член 3

Натпреварите по математика се:

- Училишен;
- Општински;
- Регионален;
- Државен.

СММ со свои екипи учествува на следните меѓународни натпревари:

- Балканска математичка олимпијада за ученици до 15,5 години (JBMO);
- Балканска математичка олимпијада за ученици од основно образование (BMO);
- Меѓународна математичка олимпијада за ученици од основно образование (IMO);
- Европската женска математичка олимпијада (EGMO);
- Меѓународна економска олимпијада (МЕО)
- во други меѓународни натпревари.

**Член 4**

Училишните натпревари ги организира активот на математичарите во училиштето. Општинските натпревари ги организираат локалните здруженија на наставници - математичари кои се здружени во СММ или комисија назначена од страна на СММ. Регионалните натпревари ги реализира здружението на математичари од регионот здружено во СММ или комисија назначена од страна на СММ. Државниот натпревар, како и изборните натпревари за меѓународните олимпијади, ги реализира комисија назначена од Управниот одбор на СММ. На сите натпревари се прави единствена ранг-листа според постигнатите резултати на натпреварувачите.

Со одлука на Управниот одбор на СММ, може да се организираат и други натпревари.

Содржината на материјалот по кој се спроведуваат натпреварите е соодветна на возраста на учениците.

Темите за натпреварите јавно се огласуваат преку гласилата на СММ, како и на веб страницата на СММ.

**Член 5**

Реализацијата на одделни натпревари, СММ може со посебна одлука да ја направи заедно со други здруженија, училишта, факултети и слично.

## II.ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА НАТПРЕВАРИТЕ

**Член 6**

Натпреварите во основното образование се поединечни.

На натпреварите може да учествуваат сите редовни ученици во основното образование.

За реализација на натпреварите, Управниот одбор на СММ избира комисии и нивни претседатели. Членовите на комисиите Управниот одбор на СММ ги избира на предлог на избраниот претседател на соодветната комисија.

Претседателите на комисиите се одговорни лица за работата на комисиите.

Во работата на комисиите може да има член од Бирото за развој на образование, односно Центарот за стручно образование и обука.

**Член 7**

Ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата. Соодветната комисија го обезбедува преводот на задачите, согласно утврдениот број на ученици кои претходно го најавиле своето учество на натпреварот.

Рангирање на постигањата на ученикот за одредено ниво на натпревар се врши врз основа на постигнатиот број на бодови за секој вид на натпревар.

**Член 8**

Училишниот натпревар го реализира активот на математичарите во училиштето со задачи предложени од комисијата за задачи при СММ или со задачи по сопствен избор. Изборот на учениците за училишен натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот во наставниот процес. Врз основа на резултатите од овој натпревар, училиштето ги пријавува учениците - учесници за општинскиот натпревар.

Општинскиот натпревар се реализира во сите општини во Република Северна Македонија каде постојат основни училишта. На општинскиот натпревар учествуваат учениците од IV до IX одделение на основното образование. Пријавата за учество за општинскиот натпревар се доставува до домаќините и до комисијата при СММ и тоа најмалку 10 дена пред натпреварот. На општинскиот натпревар, секое училиште може да пријави најмогу 10% од вкупниот број на ученици од IV до IX одделение. Училиштето-домаќин има право да пријави по еден дополнителен ученик од секое одделение. Со одлука на Управниот одбор на СММ може да се дозволи и пријавување на поголем број ученици од едно училиште.

По завршување на општинските натпревари се изготвуваат единствени ранг - листи по општини и региони, за секое одделение посебно.

**Член 9**

Регионалните натпревари се реализираат во следниве региони:

| | |
|---|---|
| 1. | Берово, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица |
| 2. | Кочани, Виница, Чешиново, Блатец, Облешево, Зрновци и Оризари |
| 3. | Крива Паланка, Кратово и Ранковце<br>Куманово, Липково, Орашец, Клечовце и Старо Нагоричане |
| 4. | Велес, Свети Николе, Богомила, Градско, Лозово, Чашка и Извор |
| 5. | Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија и Конопишта |
| 6. | Штип, Пробиштип, Злетово и Карбинци |
| 7. | Гевгелија, Стар Дојран, Богданци, Миравци, Валандово, Јосифово |
| 8. | Струмица, Радовиш, Валандово, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Конче и Подареш |
| 9. | Прилеп, Крушево, Долнени, Тополчани, Житоше, Кривогаштани, Витолиште, Македонски Брод, Самоков и Пласница |
| 10. | Битола, Ресен, Бистрица, Новаци, емирХисар, Бач, Сопотница, Старавина, Могила, Кукуречани, Цапари и Добрушево |
| 11. | Охрид, Дебрца, Белчишта, Косел и Мешеишта,<br>Струга, Вевчани, Луково, Делогожда, Лабуништа и Велешта |
| 12. | Тетово, Џепџиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Јегуновце и Вратница |
| 13. | Гостивар, Неготино (Полошко), Врапчиште, Чегране, Долна Бањица и Вруток |
| 14. | Дебар, Маврово - Ростуше и Центар Жупа |
| 15. | Кичево, Друговo, Осломеј, Вранештица, Зајас и Србица |
| 16. | Карпош, Ѓорче Петров, Сарај и Кондово (Скопје) |
| 17. | Гази Баба, Петровец, Илинден и Арачиново (Скопје) |
| 18. | Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево и Бутел (Скопје) |
| 19. | Кисела Вода, Студеничани, Зелениково, Сопиште (Скопје) |
| 20. | Аеродром (Скопје) |
| 21. | Центар (Скопје) |

На регионалниот натпревар учествуваат прворангираните ученици на општинскиот натпревар за секое одделение посебно. Оваа листа се дополнува со ученици од IV до IX одделение од единствените ранг - листи во регионот, кои имаат освоено најмалку пофалница на општинскиот натпревар, според одлуката на Комисијата.

**Член 10**

По завршување на регионалниот натпревар се изготвуваат единствени ранг - листи по региони, за секое одделение посебно.

По регионалниот натпревар, соодветната комисија изготвува единствена ранг - листа на државно ниво по одделенија. Листите ги усвојува УО на СММ.

**Член 11**

На државниот натпревар учествуваат натпреварувачи од VI, VII, VIII и IX одделение. На него се пласираат првопласираните ученици од VI, VII, VIII и IX одделение од секој регион. Останатите учесници на државниот натпревар се одредуваат според единствените ранг - листи од регионалниот натпревар на државно ниво.

Доколку домаќин на државниот натпревар е училиште, надвор од претходниот критериум, тоа може да учествува со по еден ученик повеќе по одделение, според резултатите од единствените ранг - листи од регионалниот натпревар.

**Член 12**

Натпреварите се одржуваат според календар утврден и усвоен од УО на СММ кој се објавува во гласилата и на веб страната на СММ.

За секој од натпреварите СММ може да прави и единствена екипна ранг-листа по училишта.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

### А) Општински и регионални натпревари

**Член 13**

Општинскиот, односно регионалниот натпревар започнува во исто време во сите општини, односно региони. Општинскиот, односно регионалниот натпревар трае 120 минути.

**Член 14**

Организаторот на општинските, односно регионалните, натпревари формира:

- Одбор за организација и спроведување на натпреварот;
- Комисија за прегледување на задачите.

**Член 15**

Одборот за организирање на општинските, односно регионалните натпревари ги известува сите училишта од својата општина, односно регион најмалку 15 дена пред денот за одржување на натпреварот за домаќинот на општинскиот, односно регионалниот, натпревар. Одборот за организирање на општинскиот, односно регионалниот, натпревар:

- ги прифаќа натпреварувачите и ако е потребно организира престој на истите;

- обезбедува простории за непречено изведување на натпреварот и престој на менторите;
- обезбедува екипи за дежурство и за спроведување на натпреварот, како и други потребни материјали.

СММ определува делегати на натпреварот.

### Член 16

Комисијата за прегледување на задачите е составена од наставници по предметот **математика**, одделенски наставници и делегатите на СММ. Секое училиште кое учествува на натпреварот е должно да делегира по еден член во оваа комисија на секои 10 натпреварувачи со кои учествува на натпреварот, при што секој член во комисијата прегледува во одделение во кое нема свој натпреварувач. Комисијата за прегледување на задачите донесува одлуки со мнозинство гласови од нејзиниот состав, а во случај на изедначено гласање се прифаќа одлуката на делегатите на СММ. Должностите на комисијата се:

- ги прегледува и оценува изработените задачи на натпреварувачите и изготвува ранг - листа;
- претседателот на комисијата јавно ги објавува резултатите на огласна табла на домаќинот;
- ги констатира наградите и пофалниците на учесниците на натпреварот;
- доставува Извештај до УО на СММ за натпреварот, најдоцна три дена по завршување на натпреварот.

Приговорите се поднесуваат во рок од 90 минути по објавување на резултатите. Комисијата за одлучување по приговорите истиот ден треба да ги разгледа приговорите и за својата одлука да го извести подносителот на приговорот. Комисијата за прегледување на задачи, по одговорање на приговорите составува конечни ранг - листи и јавно ги објавува на огласната табла на домаќинот на натпреварот.

## В) Државен натпревар

### Член 17

Државниот натпревар трае 180 минути.

### Член 18

Управниот одбор на СММ заедно со домаќинот на државниот натпревар формира одбор за организирање и спроведување на натпреварот. Одборот ги има следните должности:

- ги прифаќа натпреварувачите и ако е потребно организира престој на истите;
- обезбедува простории за изведување на натпреварот и други потребни материјали за изведување на истиот;
- други работи поврзани со натпреварот.

### Член 19

Комисијата за прегледување на задачите ги има следните должности:

- подготвува шифри и пликови за натпреварувачите;

- го реализира дежурството на натпреварот;
- ги прегледува и оценува изработките на натпреварувачите;
- изработува ранг-листа;
- изготвува конечна ранг-листа и ја доставува до УО на СММ;
- донесува одлуки за награди и признанија.

Приговорите се поднесуваат во рок од 90 минути по објавување на резултатите. Комисијата за одлучување по приговорите истиот ден треба да ги разгледа приговорите и за својата одлука да го извести подносителот.

Комисијата за прегледување на задачи, по одговарање на приговорите, составува конечна ранг-листа и јавно ја објавува на огласна табла на домаќинот на натпреварот.

## IV. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

### Член 20

Вкупниот број на бодови што може да ги освои еден натпреварувач на секој од натпреварите: училишен, општински, регионален и државен е 100.

Наградите на општинските и регионалните натпревари се доделуваат според следниот критериум:

- I награда добива натпреварувач кој освоил 86-100 бодови;
- II награда добива натпреварувач кој освоил 71-85 бодови;
- III награда добива натпреварувач кој освоил 55-70 бодови;
- Пофалница добива натпреварувач кој освоил 40-54 бодови.

На државниот натпревар, Комисијата за прегледување на задачи, определена од УО на СММ, подготвува скала за бодовите потребни за освојување на награди.

На општинските и регионалните натпревари, од страна на Комисијата за спроведување на натпреварите, по потреба, се определуваат ученици кои се прваци во соодветните одделенија и тоа: прво место, второ место и трето место.

На државниот натпревар од страна на Комисијата за спроведување на натпреварите, се определува по едно прво место на натпреварот во секое одделение. Во случај на ист број на бодови, се спроведува дополнително тестирање на овие ученици.

### Член 21

Секој ученик-учесник на натпревар и неговиот ментор, кој е член на СММ, добиваат признание (потврда) за учество.

Наградените и пофалените ученици на општинскиот, регионалниот и државниот натпревар добиваат дипломи и пофалници. Менторите (кои се членови на СММ) на наградените ученици на општинските, регионалните и државниот натпревар добиваат признанија или сертификати. Дипломите и пофалниците се доделуваат на пригодна свеченост, доколку е тоа можно, која се организира во рамките на натпреварот.

Дипломите, пофалниците, потврдите, признанијата и сертификатите ги потпишува претседателот на СММ.

### Член 22

Од сите натпревари, поединечно, до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, се доставува извештај за одржаните натпревари во хартиена и електронска верзија.

## V. ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### Член 23

Резултатите од сите натпревари кои ги организира СММ се јавни. Јавноста се обезбедува со:

- увид во документацијата на СММ;
- објавување на листата на наградените и пофалените натпреварувачи од натпреварите во гласилата на СММ и на веб страницата на СММ.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат по иста постапка како при неговото донесување.

### Член 25

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престануваат да важат сите правилници донесени претходно, кои се однесуваат на натпреварите за основно образование.

### Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Член 28

Правилникот да се објави јавно на веб страницата на СММ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СОЈУЗОТ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски**